РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Врз основа на член 9 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии – докторски студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Советот на студиската програма од трет циклус на студии Компјутерски науки и инженерство и Советот на студиската програма од трет циклус на студии Информатика, на седницата одржана на ден 30.10.2014 година ги донесоа следните

# **У С Л О В И**
## **за освојување кредити од семинари, работилници, истражување и годишни конференции на докторските студии по Компјутерски науки и инженерство и по Информатика при ФИНКИ**

1. Право на учество на семинарот и годишната конференција во прва година, втор семестар, имаат студентите кои ги имаат положено задолжителните генерички предмети и изборниот генерички предмет.

2. Право на учество на докторскиот семинар во втора година, трети семестар, имаат студентите кои имаат освоено минимум 45 ЕКТС од активностите во првата година на студиите.

3. Право на учество на работилницата за истражувачка практика во втора година, четвртти семестар, имаат студентите кои освоиле минимум 54 ЕКТС.

4. Извештајот на менторот за истражувањето и објавување резултати од прифатената тема на кандидатот кој треба да се предаде во втората година на студиите се изготвува само во случај на веќе пријавена тема на кандидатот. Позитивниот извештај се прифаќа со сите 25 ЕКТС само во случај кога до поднесувањето на извештајот кандидатот е прв автор на минимум 1 прифатен труд од областа на прифатената тема во печатен зборник на научна меѓународна конференција (апстракт не се признава) или во научно меѓународно списание[1].

5. Право на учество на годишната конференција од втора година, четвртти семестар, имаат студентите кои имаат позитивна рецензија од семинарот од истата академска година и имаат освено минимум 93 кредити.

---

[1] Под меѓународна конференција и меѓународно списание се подразбираат конференција, односно списание, за кои важат условите пропишани со Законот за високо образование

6. Извештајот на менторот за истражувањето и објавување резултати од прифатената тема на кандидатот кој треба да се предаде во третата година на студиите се прифаќа само во случај кога кандидатот има освоено минимум 120 кредити. Позитивниот извештај се прифаќа со сите 28 ЕКТС само во случај кога до поднесувањето на извештајот кандидатот е прв автор на минимум 2 прифатени труда од обласа на прифатената тема во печатен зборник на научни меѓународни конференции (апстракти не се признаваат) или во научни меѓународни списанија[1].

7. Право на учество на докторскиот семинар во трета година, петти семестар, имаат студентите кои освоиле минимум 148 кредити.

8. Право на учество на работилницата за истражувачка практика во трета година, шестти семестар, имаат студентите кои имаат освоено минимум 120 ЕКТС.

9. Барање за формирање на комисија за оценка на докторска дисертација кандидатот може да поднесе само во случај кога до поднесувањето на барањето кандидатот е прв автор на минимум 1 прифатен труд од обласа на прифатената тема во списание кое се наоѓа на JCR (Journal Citation reports на Thomson Reuters) листата за годината кога е објавен трудот.

10. Право на учество на годишната конференција во трета година, шестти семестар, имаат студентите кои имаат позитивна рецензија од семинарот одржан истата академска година и имаат освоено минимум 150 ЕКТС.

**Преодни одредби за тековните студенти (запишани пред учебната 2014/2015):**

1. Право на учество на годишната конференција во трета година, шестти семестар, имаат студентите кои имаат позитивна рецензија од семинарот одржан истата академска година и имаат освоено минимум 150 ЕКТС.
2. За сите останати активности важат условите и правилата пропишани од УКИМ.

Раководител на советот на Информатика,
Проф. д-р Катерина Здравкова, с.р.

Раководител на советот на Компјутерски науки и инженерство,
Вонр. Проф. д-р Соња Филипоска, с.р.